Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-308/3
21-07-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 308/1 од 23.05.2022 година, поднесена од [redacted] за сторено вознемирување против „Фејсбук" страна „Преземи Одговорност", Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 21.07.2022 години, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за сторено вознемирување со бр. 08 – 308/1 од 23.05.2022 година, поднесена од [redacted] против „Фејсбук" страна „Преземи Одговорност" **поради неуредност.**

Образложение

На 23.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторено вознемирување од страна на [redacted] против „Фејсбук" страна „Преземи Одговорност" со арх. бр. 08 – 308/1.

Од причина што претставката не содржеше податоци за лицето против кое беше поднесена, на 30.05.2022 година Комисијата, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока што ќе го посочи потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Подносителот на претставката во предвидениот законски рок не ја доуреди претставката, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
21.07.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член/на Комисијата
Игор Јадровски

Достав[redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk